## СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА





На барање на жителите поставени се препреки за намалување на брзината на возилата на две фреквентни локации во село Крупиште и една во село Радање.



## СПОРТ И КУЛТУРА

За прв пат Ѓурѓовденски турнир во мал фудбал во село Долни Балван. Дружба, забава и празник за љубителите на спортот. Вложувањето во спортската инфраструктура значи можност за рекреација, натпреварувања и дружба!



**Долни Балван живее во духот на Ѓурѓовден!**

ОПШТИНА КАРБИНЦИ



# Месечен информатор

Мај, 2024

www.karbinci.gov.mk

# GENERALKA WEEKEND '24



Во рамки на најголемата еколошка акција во историјата на нашата земја се чистеше на 9 локации во нашата општина, заедно со ЈП Плачковица, ОУ Страшо Пинџур, детската градинка Кокичиња и доброволци од жителите, сите заедно придонесуваме за почиста околина и поздрава животна средина!



# ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ

## с.Козјак

Обновено детското игралиште и постоечките реквизити во с.Козјак.



Нашата цел е да им овозможиме среќни и весели денови на децата исполнети со игра и насмевки!

# Поставен Јавен тоалет

## с.Таринци

Поставен е јавен двоен тоалет на локација кај повеќенаменското игралиште во с.Таринци со цел да се подобрат условите за одвивање на фудбалските натпревари кои се организираат овде.




**ДА БИДЕМЕ СОВЕСНИ И ДА РАЗУМНИ ГРАЃАНИ, ОДГОВОРНО ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ КОН СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕМЕ ЗА ДОБРОТО НА СИТЕ НАС И ЗА ДОБРОТО НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ!**